

***ДЕЛ ОД МОНОГРАФИЈАТА „ЕСМА“ НА СЛАВЕ КАТИН***

***Исто така и во вториот дел од продолжението ќе се обидеме да доближиме дел од стилот на живеењето што го имаше Есма Реџепова – Теодосиевска, Кралицата на ромската песна како национален уметник. Есма беше голем љубител на сликарството, беше колекционер на слики, марами, ама и на накит. Најдрага и` беше сликата „Двата коња“ (црн и бел), за кои велеше дека ги претставуваат неа и Стево. Сликата и` беше подарок од Домот за стари лица од Куманово. Во својата колекција на марами, пак, имаше повеќе од 300 марами***

Со цел подобро да се претстави Есма Реџепова-Теодосиевска, покрај наведените 7 точки во предходното продолжение,  треба да се знаат и следните седум точки, а тоа се:

1.Нејзиниот прв настап бил кога имала 11 години, во емисијата „Микрофонот е Ваш“, која се емитувала на Радио Скопје. Имала страв од својот татко дали ќе се согласи да настапи, но сепак, настапила.

2. Кога Стево Теодосиевски првпат го слушнал нејзиниот глас, ѝ рекол дека ќе работи со неа и дека ќе направи напори да стане позната. Така и се случило. Тој се договорил со родителите на Есма дека ќе ја школува до 18-годишна возраст. Кога го завршила 8. одделение, Есма и Стево заедно заминале за Белград, каде што го завршила средното музичко училиште.

Стапиле во брак кога таа имала 23 години. Биолошки немаат деца, но Есма и Стево заедно изгледале 47 машки деца, а 48. е девојче и сите музички ги образувале. Имаат

околу 130 внучиња и голем број правнучиња.

3. Додека живееле во Белград, им било понудено таму да ја направат нивната куќа музеј, онака како што тие си ја замислиле. Но, сепак, тие сакале да се вратат во својата Македонија. Во Скопје стигнале во 1988 година. Потоа Есма велеше дека тие имале намера да градат куќа на Водно, но тогаш во тоа време, водњанците таму не ги сакале. Кога го слушнале тоа си рекле, тогаш и ние нив не ги сакаме.

Почнале да бараат друга локација и ја нашле локацијата на Кале. Есма беше задоволна со изборот, затоа што куќата не беше само стан каде што таа живееше, туку таму на Кале сакаше да биде *„Домот на хуманоста и Музејот на музиката на Есма и Стево Теодосиевски”.* Местото на овој музеј му беше тука, во близина на другите музеи – „ *Музејот на Гоце Делчев“, „Музејот на современата уметност“* и други културно–уметнички споменици во Скопје. Планиран беше и изложбен музејски простор на приземјето.

4. Додека престојувала во Белград, а постојано патувала низ целиот свет со свои концерти, Есма ја немало цели 25 години на нашите радио и телевизиски станици. „Два-тројца ни ги затворија вратите во Радио Скопје“, се сеќаваше Есма. Дури во 1986 година, пред нејзиното селење во Скопје, било направено едно телевизиско шоу за неа.

5. Си ги броела концертите до 1984 година, кога биле вкупно 15.000. Оттогаш ни самата не знае колку од нив се допишани во автобиографскиот „нотес“.

6. Во 1995 година ја добива веројатно најдрагата награда – „Примадона на европското пеење“. Ваквата награда редовно им се доделува на оперски пејачи.





**Пишува: СЛАВЕ КАТИН**